Република Македонија
**Н О Т А Р**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 25.04.2018 во 12.00 часот
дваесет и петти април две илјади и осумнаесетта година

**ОДУ бр. 369/18**

# Н О Т А Р С К И А К Т
## ЗАПИСНИК ЗА XLI СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА
**-и з в о д-**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со службено седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1 лок.29, потврдувам дека денес на дваесет и петти април две илјади и осумнаесетта година, во дванаесет часот поради постапка за водење на записник на XLI седницата на Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул.Добривоје Радосавлевиќ бр.21, со ЕМБС 5026377, излегов надвор од нотарската канцаларија, во салата за конференции на Хотел Капри во Битола на ул.Довлеџик бб, врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.-------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери го отвори Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието, Надзорниот одбор на Банката на својата 9- та седница одржана на ден 21.03.2018 година, одлучи да се свика 41 - та седница на Собранието на Банката, го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 25.04.2018 година.Повикот за свикување на ова Собрание, со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk, во дневниот весник Слободен печат на 23.03.2018 година и на интернет страната на Македонската берза. --------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлог одлуките од акционерите по точките од дневниот ред, заедно со мислењата од надзорниот одбор, како и податоци за предложените членови се објавени на интернет страницата на Банката веднаш по приемот. Истите се составен дел и на пишаниот материјал доставен пред почетокот на седницата.-------
Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка а.д. Битола, како и интернет страницата на Банката.---------------------------------
Ги поздравува присутните акционери и претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката. ---------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола за претседавач беше избран Томислав Давков, заради што го продолжи водењето на седницата до изборот на нов претседавач.------------------------------------------------
Понатаму Томислав Давков ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена 48 часа пред одржувањето на собранието (25.04.2018 година) и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа, односно од вкупно 390.514 акции со право на глас, кои се во посед